Архивски број: 08-416/2
Датум: 04-07-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 416/1 од 29.06.2023 година, поднесена од [redacted] од Прилеп со живеалиште на ул. [redacted] против Управа за јавни приходи Прилеп, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 04.07.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 - 416/1 од 29.06.2023 година, поднесена од [redacted] против Управа за јавни приходи Прилеп **поради ненавременост.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 29.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] вработен во Министерството за финансии – Управа за јавни приходи Прилеп. Подносителот ја повел постапката за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, против работодавачот. Наводите за дискриминација содржани од претставката се однесуваат на незаконито распоредување од работно место – даночен извршител на работно место – доставувач (курир), со решение издадено од работодавачот на 19.11.2009 година.

Согласно законската одредба од член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

***„Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата.“***

Од причина што за поднесување на претставката **не се запазени ниту субјективниот, ниту објективниот рок**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка поради ненавременост.

Скопје,
04.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk